# ***И З В Е Ш Т А Ј***

## ***ЗА РАБОТАТА НА ЈОУ БИБЛИОТЕКА „ ВАНЧО ПРКЕ“- ВИНИЦА ЗА 2020 ГОДИНА***

**Основната цел на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“- Виница и во изминатата година беше наменета за задоволување на образовните и културните потреби на граѓаните. Јавната општинска Библиотека „Ванчо Прке“ Виница е единствена установа од локален карактер во нашата Општина. Изминатата 2020 година благодарение на обезбедените блок дотации од Министерството за култура и благодарение на целосната подршка од страна на Локалната самоуправа , заедно со другите структури и институции во Општината, Библиотеката целосно и со успех ги реализираше своите програмски задачи. Библиотечното работење беше достапно , отворено , одговорно и флексибилно во однос на своите корисници. Библиотеката „ Ванчо Прке “- Виница повеќе години ги следи информациските трендови на нашето граѓанство, водејќи се од тие задолженија Библиотеката е една од алките на македонската библиотечна мрежа , и во 2020 година со успех продолжи со својата работа на полноправна членка во рамките на библиотечно - информацискиот систем на платформата COBISS.MK**

**Сите библиотечни ресурси беа достапни за сите наши граѓани ( корисници). Библиотечната услуга и едуцираноста на вработените заедно со библиотечниот простор, опремата и фондовите беа на нивно располагање.**

**Во текот на 2020 година Библиотеката „ Ванчо Прке “- Виница целокупното тековно работење го извршуваше преку следните форми :**

**. Обновување на книжниот фонд и негово чување;**

**. Позајмување на книги и стручна литература од книжниот фонд на библиотеката;**

**. Преку меѓубиблиотечна соработка ;**

**. Електронска обработка на книжниот фонд;**

**. Достапност на електронски извори на податоци ;**

**Во изминатата 2020 година вкупниот книжен фонд во библиотеката беше зголемен и обновен со литература од различни области и тоа : Лектирни изданија , белетристика за деца и возрасни , стручна литература , енциклопедии, сликовници и сл.**

**Во 2020 година во Библиотеката беа набавувани од дневните весници : Вечер, Нова Македонија , кои поради коронавирусот не се користеа од читатели во читална, како во нормални услови. А од месечни весници како подарок беа добивани следните весници : Фокус, Капитал. А исто така беа доставувани со повремена периодичност списанијата : Културен живот, Здравје, Руски доктор. Во текот на изминатата 2020 година беа зачленети односно запишани илјада шеесет и пет ( 1.065) читатели корисници на библиотечните услуги , од кои : лицата со хендикеп, лица со социјален статус, почесни членови на библиотеката беа запишувани бесплатно (20 читатели).**

**ХРОНОЛОШКИ ПОДРЕДЕНИ АКТИВНОСТИ ПО МЕСЕЦИ ЗА 2020 ГОДИНА**

**ЈАНУАРИ :**

**Во месец јануари имавме интензивно запишување на корисниците на библиотечни услуги, бидејќи зачленувањето во библиотеката се врши календарски од нова година и членството трае една година . Исто така во овој месец активно беа посветени вработените на собирање на книгите од претходната година кои не беа вратени. Во редовите на редовни читатели има од сите возрасти и категории. Беа изберени читатели на годината - четири лица, и тоа по еден од : основно образование, средно образование, вработен и пензионер**

**ФЕВРУАРИ:**

**Освен редовните работни обврски во месец февруари во просториите на библиотеката се поставуваше изложба на новонабавената литература , која претходно беше стручно обработена за да се запознаат читателите со новите наслови.**

**МАРТ ,АПРИЛ, МАЈ**

**До 12 март 2020 година активностите во библиотеката се одвиваа нормално како и секогаш. Но почнувајки од 12 март 2020 година , па во наредните три месеци библиотеката прекина со основната дејност - услуга за издавање на книги до читателите, поради светската пандемија од коронавирусот KOVID -19, поради забраната за физички контакт и за намалување на заразата од вирусот. Во тој перид остана само завршување на административните работи кои тековно ,соодветно се завршуваа за функционирање на институцијата. За жал изостанаа многу културни манифестации , како што се:**

**-промоции на книги и автори**

**-изложби и предавања**

**-посета на најразлични поетски манифестации по градови**

**-одбележување на светскиот ден на поезијата- 21 март**

**-одбележување на светскиот ден на книгата и авторското право - 23 април**

**-саем на книгата во Скопје - месец април**

**-детски поетски фестивал ,,Мајски цвет,, кој се одржува по градовите кои се прогласувани како ,,град на културата,, по години , каде што учествуваат ученици и има награден карактер**

**ЈУНИ - ДЕКЕМВРИ**

**Од месец јуни до крајот на годината ЈОУ Библиотека ,,Ванчо Прке,, - Виница продолжи со својата основна дејност - услуга со издавање на книги кај читателите , но со редуциран број на вработени кои работат на шалтер. И покрај состојбата со ризикот од заразување со коронавирусот имаше многу**

**заинтересирани читатели кои беа услужувани во дисциплински услови : со дезинфекција на рацете при влез во библиотеката, маска на лицето и физичка дистанца. Во текот на целата година беа набавувани нови наслови и истите беа изложувани на паноата во библиотеката за да бидат забележани од читателите при влез во библиотеката. Новите наслови редовно беа внесувани во COBISS.MK системето.**

**Во текот на цела година континуирано се примаа книгите кои ги донираше Владата на РС Македонија, книги од проектот ,,Превод на стручна литература од признати светски универзитети,, застапени од сите струки, со кои се збогатуваше книжниот фонд на библиотеката со стручна литература.**

**Освен тековното работење во месец декември вработените превзедоа акција за собирање на невратените книги од претходните години.**

**ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“- Виница**

**ВД Директор**

**Дафина Алексова**

**________**